ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Број 12-91/4

Датум 21.02.2011 200 год.

Врз основа на член 71 став 2, алинеа 4 и 104, став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09 и 99/2009 и 115/2010 година), Одборот за акредитација на 34. седница одржана на 27.01.2011 година донесе

**РЕШЕНИЕ**

**со кое се акредитираат измените и дополнувањата на постојните студиски програми за првиот циклус универзитетски студии во интегрирани студии по Ветеринарна медицина на Ветеринарен факултет на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Се акредитираат измените и дополнувањата на постојните студиски програми од Првиот циклус универзитетски студии во инт егрирани студии по **Ветеринарна медицина на** Ветеринарниот факултет на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, врз основа на исполнетоста на условите согласно Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010), Класификацијата на научно истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната фраскатиева класификација („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010), Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата, постапката за акредитација, критериумите и стандардите за акредитација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.121/2009) и согласно Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од третиот циклус на студии.

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за прв циклус универзитетски студии во интегрирани студии по **Ветеринарна медицина** во траење од пет години (десет семестри).

3. По завршените студии на првиот циклус интегрирани универзитетски студии и стекнати 300 кредити, студентот се стекнува со звање: доктор по ветеринарна медицина.

4. Ветеринарниот факултет е должен во целост да го реализира Проектот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност ("Службен весник на Република Македонија", број 103 од 2010 година) Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.168/2010) и Класификацијата на научни подрачја, полиња и области на истражувања, структурирани според стандардите на ОЕЦД.

5. Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација ја донесоа едногласно.

6. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Ветеринарниот факултет на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за прифаќање на изменетатата студиска програма за интегрирани студии по Ветеринарна медицина како и Одлуката за усвојување на Интегрирани студии по ветеринарна медицина од Сенатот на унивезитетот „Св.Климент Охридски" во Битола, поднесе барање до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на интегрирани студии од првиот циклус , студиска програма по ветеринарна медицина.

Одборот за акредитација на својата 28. седница одржана на 28.06.2010 година формира експертска комисија и на 34 седница одржана на 27.01.2011 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,
проф.д-р Михаил Петковски